Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 04.05.2024

На 04.05.2024 во 00.30 часот полициски службеници од СВР Тетово на ул.„Благоја Тоска“ во Тетово го привеле Е.Е.(24) од Тетово. За него била издадена судска наредба со која се барал за издржување на затворска казна. Тој е предаден во КПУ Затвор-Тетово за издржување на казната.

Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ш.Н.(68) од Липково, поради постоење основи на сомнение за сторени 4 кривични дела „одземање на моторно возило“, од кои три на подрачјето на скопски Центар и едно на подрачјето на општина Аеродром, како и против Ф.Љ.(22) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривични дело „помагање“. Имено, првопријавениот кривичните дела ги извршил во последните два месеца, така што употреба на физичка сила и погоден алат ги отворал бравите од возилата, ги одземал возилата и ги предавал на второпријавениот, каде што возилата биле расклопувани и продавани за делови. Полициски службеници со судска наредба извршиле претрес на локација, сопственост на Ф.Љ., каде биле пронајдени поголема количина делови од возила кои потекнуваат од кривичните дела. Известен бил Јавен обвинител, а од страна на Судија на претходна постапка на Ш.Н. му е одредена мерка притвор.

На 03.05.2024 во периодот од 11.00 до 17.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од дозволената. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 115 пречекорувања на максимално дозволената брзина. Од нив, 68 пречекорувања се регистрирани надвор од населено место (ТЕ-18 и ГВ-50), од кои дваjца возачи (ГВ) возеле со брзина од дури над 70 километри на час, а 21 (Те-14 и ГВ-7) со брзина од 50 до 70 км/час повеќе од дозволеното. При контролата, исто така, санкционирани се и 47 пречекорувања на брзината во населено место (ТЕ-31 и ГВ-16), од кои 7 (ТЕ-6 и ГВ-1) ја пречекориле брзината до 50 км/час над дозволеното, а санкционирани се и 11 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-5). На возачите прекршители изготвени им се предвидените поднесоци.

На 03.05.2024 во 18.05 часот во СВР Струмица било пријавено дека на магистрален пат А-4, на излез од Радовиш кон Штип, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пасат“ со радовишки регистарски ознаки, управувано од М.Л.(27) од Радовиш и патничко возило „опел“ со пробни регистарски таблички, управувано од Ж.Г.(49) од Радовиш. На местото на несреќата починале возачите на двете возила, а смрт констатирал лекар од Здравен дом Радовиш, додека Ј.Г.(41), сопатничка од возилото „опел“ се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Штип. Увид на местото на несреќата извршил јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и екипа на Полициската станица Радовиш.

На 03.05.2024 во 21.20 часот во близина на крстосница за рудник Сивец во Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „пежо“, управувано од С.А.(23) од Прилеп, кој го напуштил местото на несреќата и мопед „џонвеј“, управуван од К.С.(18) од Прилеп, двете со прилепски регистарски ознаки. Во несреќата, К.С. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница во Прилеп. Увидот го извршила увидната екипа на ОВР Прилеп.

На 03.05.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.К.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„1510“ во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 03.05.2024 во 23.30 часот во СВР Велес, Д.Ѓ.(45) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев“ во Велес бил каснат од куче скитник.

На 03.05.2024 во 11.10 часот во Полициската станица Аеродром, Љ.Г.(72) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ“ во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.С.(47) и С.Ј.(37), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 27.04.2023, полициски службеници извршиле преглед над второпријавениот, при што бил пронајден и одземен амфетамин, кој го набавил од првопријавениот.

На 02.05.2024 во 22.00 часот полициски службеници од Полициската станица Центар го привеле С.А.(25) од Скопје, поради тоа што околу 21.40 часот во близина на трговски центар на подрачјето на Центар со остар предмет им се заканувал на Ѓ.К.(30) од Скопје и на уште едно лице кое работело како обезбедување. Се преземаат мерки за расчистување на случаjот.

На 03.05.2024 во 11.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на подрачјето на Центар во Скопје, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Р.(56), Н.Р.(26), двајцата од Скопје и Б.Х.М.(63) од Кавадарци, од една страна и Б.И.(40) од Скопје, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.05.2024 во 02.29 часот во Полициската станица Кочани, Б.С.(38) пријавил дека околу 00.15 часот пред угостителски објект во Кочани бил физички нападнат од Ж.Ж., двајцата од Кочани. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.05.2024 во 19.00 часот во СВР Скопје, А.М.(40) од с.Волково, скопско, пријавил дека околу 17.00 часот на подрачјето на Карпош, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од М.Т., Г.Ѓ. и уште едно лице, кои користеле тврди предмети и му го оштетиле неговото возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.05.2024 во 10.02 часот во ОВР Виница, од Здравствен дом Виница било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Ј.Д.(61) од Кочани. Според пријавеното, тој се здобил со повреди при извршување на работни задачи во фирма во Виница. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Виница и известен бил трудов инспектор.

На 03.05.2024 во 17.40 часот полициски службеници од ОВР Виница, во виничко го лишиле од слобода С.Ѓ.(37), постапувајќи по претходна пријава според која физички ја нападнал неговата сопруга, а приведена била и С.Ѓ.(25), затоа што со остар предмет упатила закани кон нејзиниот сопруг. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.05.2024 во 18.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачјето на Бит Пазар во Скопје, едно лице со закана со огнено оружје кон вработениот одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.С.(57) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 05.04.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени неколку пластични садови со растението канабис.

На 02.05.2024 во 17.25 часот во СВР Скопје, А.Г.(32) од Скопје пријавил дека пред угостителски објект во с.Долна Матка, скопско, поради претходно нерасчистени должничко-доверителски односи, О.Р. од Скопје му се заканил со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.05.2024 во 17.48 часот во СВР Штип било пријавено дека во угостителски објект во Штип бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.Р.(35) и Т.А.(38), двајцата од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет